УЖ.бр.800/2013

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите – Виолета Илиевска-Претседател на советот и судиите Светлана Костова и Мирјана Василевска-членови на советот, со записничар Верица Гавровска-Петровска, судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот Здружение РАДКО Охрид изјавена преку претседателот и застапникот на здружението Владимир Паунковски од Охрид против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.701/2012 од 07.02.2013 година, за упис на промена во трговски регистар, на седница на советот одржана на ден 04.07.2013 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Жалбата на тужителот Здружение РАДКО Охрид СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд У-5.бр.701/2012 од 07.02.2013 година СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.701/2012 од 07.02.2013 година ја одбил како неоснована тужбата на тужителот Здружение РАДКО Охрид против Решението на Комисијата за жалби Скопје бр.15-48/2 од 28.03.2012 година.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужителот поради погрешно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право и на Вишиот управен суд му предлага да ја уважи жалбата на тужителот и да констатира дека условите за упис се исполнети и да ја задолжи Комисијата за жалби Скопје да побара упис на здружението од првостепениот орган Централниот регистар на Република Македонија.

Туженииот орган не поднесе одговор на жалба, но ги достави списите на предметот.

Вишиот управен суд, по проучување на списите на предметот и наводите во жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парничната постапка најде:

Жалбата е неоснована.

Во конкретниот случај од списите на предметот може да се утврди дека постапувајќи по пријавата за упис на основање на Здружението РАДКО од 15.07.2009 година Централниот регистар на Република Македонија со Известување дел.број 30320090002987 од 20.07.2009 година побарал од подносителот на пријавата во законски определениот рок да ги отстрани недостатоците на пријавата. Постапувајќи по пријавата на тужителот Централниот Регистар со Решение број 30320090002987 од 31.07.2009 година го одбил барањето на тужителот со образложение дека подносителот не постапил во целост по наведеното известување и не ги отстранил недостатоците на пријавата.

По жалбата на тужителот против наведеното решение Комисијата за жалби донела Решение број 15-80/2 од 31.08.2009 година со кое ја одбила жалбата како неоснована.

Против ова решение тужителот поднел тужба до Управниот суд кој со Пресуда У.бр.5208/2009 од 24.06.2010 година ја одбил тужбата како неоснована.

Врховниот суд на Република Македонија постапувајќи по жалбата на тужителот против пресудата на Управниот суд со Пресуда УЖП.бр.940/2010 од 17.05.2011 година ја уважил жалбата на тужителот, ја преиначил пресудата на Управниот суд така што ја уважил тужбата на тужителот и го поништил оспореното Решение на Комисијата за жалби број 15-80/2 од 31.08.2009 година.

Во исполнение на пресудата на Врховниот суд на Република Македонија Комисијата за жалби со Решение број 15-53/2 од 29.06.2011 година ја уважила жалбата на тужителот против Решение број 30320090002987 од 31.07.2009 година на Централниот регистар на Република Македонија и предметот го вратила на повторно постапување пред првостепениот орган.

Во повторната постапка, Централниот регистар на Република Македонија, имајќи ја во предвид одредбата од член 103 од Законот за Зруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија„ број 52/2010) според која започнатите постапки за регистрација на организациите започнати до денот на влегување во сила на овој закон ќе завршат според одредбите на овој закон, постапувајќи по пријавата на тужителот со Известување број 08-3513/3 од 25.07.2011 година го задолжила тужителот да ги отстрани недостатоците на пријавата. Бидејќи тужителот не ги отстранил сите недостатоци на пријавата по укажувањето на Централниот регистар на Република Македонија, истиот со ново Известување број 08-3513/4 од 01.09.2011 година побарал од тужителот во рок од 30 дена од приемот на известувањето, а согласно член 44 од

Законот за здруженија и фондации, да ги острани недостатоците во пријавата наведени во известувањето.

Централниот регистар на Република Македонија постапувајќи по пријавата на тужителот, разгледувајќи ги списите во предметот утврдил дека тужителот и покрај двете известувања не ги отстранил недостатоците на пријавата, па од тие причини со Решение деловоден број 30120110047571 од 07.10.2011 година го одбил барањето на тужителот за упис на основање на здружението.

Против ова решение на Централниот регистар на Република Македонија тужителот изјавил жалба до Комисијата за жалби која со Решение број 15-48/2 од 28.03.2012 година ја одбила жалбата на тужителот како неоснована.

Тужителот повел управен спор против Решението на Комисијата за жалби број 15-48/2 од 28.03.29012 пред Управниот суд кој со Пресуда У-5.бр.701/2012 од 07.02.2013 година ја одбил тужбата на тужителот како неоснована со образложение дека оспореното решение на тужениот орган е правилно и законито со истото не е повреден законот на штета на тужителот, бидејќи не постои повреда во водењето на постапката пред органите при донесувањето на оспореното решение, а од друга страна правилно биле применети одредбите од Законот за здруженија и фондации и од Законот за политичките партии.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита.

Според член 39 став 1 точки 2 4 и 5 од Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија" број 84/2005,13/2003, 150/2007 и 140/2008) по приемот на пријава за упис регистраторот проверува дали се исполнети условите за упис определени со закон, дали пријавата за упис ги содржи сите податоци во согласност со закон и дали кон пријавата за упис се приложени сите прилози утврдени со закон.

Согласно член 13 став 1 од Законот за здруженија и формации („Службен весник на Република Македонија" број 52/2010) организациите не можат да вршат активност на политичка партија, односно не можат да обезбедуваат директно или индиректно финансирање на конкретната политичка партија и да влијаат на изборите.

Во член 42 став 1 од истиот закон е предвидено дека запишувањето во Регистарот се врши со пријава за запишување која се поднесува во рок од 30 дена од денот на донесувањето на актот за основање, односно одлуката на странската организација за основање на организациониот облик на странската организација во Република Македонија.

Според член 44 став 1 од истиот закон, ако Регистарот утврди дека пријавата за запишување во соодветниот регистар од членот 40 став 1 на овој закон не е во согласност со членот 42 од овој закон, ќе му укаже за тоа на подносителот на барањето и ќе определи рок од 30 дена во кој е должен да постапи по укажувањето. Според став 2 од истиот член, ако во определниот рок подносителот на барањето не постапи по укажувањето, Регистарот со решение ќе го одбие барањето за запишуваање во соодветниот регистар од член 40 став 1 на овој закон.

Согласно член 17 став од Законот за политичките партии („Службен весник на Република Македонија" број 76/2004, 5/2007, 8/2007 и 5/2008) политичките партии се запишуваат во регистар според нивното седиште што го води надлежниот основен суд .

Имајќи ги во предвид цитираните законски одредби, Вишиот управен суд смета дека Управниот суд во обжалената пресуда правилно заклучил дека решението на тужениот орган е правилно и законито и дека органите во постапката правилно ја спровеле постапката и правилно го примениле материјалното право кога согласно член 44 став 2 од Законот за здруженија и фондации го одбиле барањето за упис во Централниот регистар на Република Македонија, бидејќи тужителот како подносител на пријавата и по двете известување на Централниот регистар на Република Македонија не ги отстранил недостатоците на пријавата, односно не постапил по укажувањето на овој орган.

Вишиот управен суд при одлучувањето ги ценеше жалбените наводи на тужителот дека ниту Управниот суд, ниту органите во постапката не навеле јасно со што името на здружението не одговара на на барањата од закон, меѓутоа смета дека истите се неосновани од причини што во членот 8 став 2 и 3 од Законот за здруженија и фондации е предвидено што треба да содржи името на една организација, односно здружение, а согласно ставот 4 од истиот член е предвидено дека за прашањата на името кои не се уредени со овој закон се применуваат одредбите од законот со кој се уредува име и фирма на трговското друштво, односно од Законот за трговските друштва.

Во однос на жалбениот навод дека тужителот постапил по укажувањето на регистраторот и во однос на лицето Перица Аврамов до второстепениот орган дополнително било доставено Уверение за државјанство издадено од Министерството за внатрешни работи, Вишиот управен суд смета дека истиот е неоснован, бидејќи уверението за државјанство не е личен документ кој можел да послужи за идентификација на одредено физичко лице согласно закон.

Вишиот управен суд ги ценеше и жалбените наводи на тужителот дека ниту Управниот суд, ниту органите во постапката не образложиле

зошто не ја прифаќаат шифрата 94.92:Дејности на полититички организации од Националната класификација, но смета дека истите се неосновани од причина што и Управниот суд во обжалената пресуда и органите во постапката правилно ги примениле одредбите од член 13 од Законот за здруженија и фондации и член 17 од Законот за политичките партии кога сметале дека дејноста за која се определил подносителот на барањето за упис во Централниот регистар на Република Македонија се однесува политичките партии, а нивното регистрање согласно Законот за политички партии е во надлежност на судот, а не на Централниот регистар до кој орган е поднесено барањето за упис на здружението.

Поради изложеното судот одлучи како во изреката на пресудата согласно член 7-а од Законот за управните спорови и член 357 од Законот за парничната постапка.

Пресудено во Виш управен суд на ден 04.07.2013 година под УЖ.бр.800/2013.

Записничар - судски соработник<br>Верица Гавровска-Петровска с.р.

Претседател на совет – Судија<br>Виолета Илиевска с.р.

Согласноста на преписот со оригиналот го потврдува<br>УПРАВИТЕЛ НА СУДСКАТА ПИСАРНИЦА

/МА